КИРМ

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работата на Комората на извршители на Република Македонија**

**за периодот од 1 јануари 2018**

**до 31 декември 2018 година**

**Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Македонија**

Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители на 31.12.2018 година изнесуваше 97, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година е резултат на бришење од Именикот на извршители на четири извршители.

Во оваа извештајна година се спроведе бришење во Именикот на извршители при Комората на извршители, на следниве извршители:

1. Извршител Зорица Митровска од Крива Паланка чија што должност престана поради навршување на 64 години возраст, согласно закон;
2. Извршител Биљана Мартиновска од Скопје чија што должност престана поради навршување на 64 години возраст, согласно закон;
3. Извршител Звонимир Мисајловски од Тетово чија што должност престана поради навршување на 64 години возраст, согласно закон; и
4. Извршител Владо Стеваноски од Прилеп чија што должност престана поради навршување на 64 години возраст согласно закон.

Моменталната состојба на пополнетост на извршителските места е следната:

| **Извршители по подрачни судови 2018 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ** | **Именувани** | **Предвидени со Правилник за број и распоред на службени седишта** | **Недостасуваат** | **Пополнетост** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 5 | 7 | 2 | 71,43% |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 7 | 11 | 4 | 63,64% |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 10 | 15 | 5 | 33% |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 10 | 5 | 50% |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 8 | 11 | 3 | 72,72% |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 5 | 12 | 7 | 58% |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 4 | 7 | 3 | 57,14 % |
| **8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2** | 34 | 35 | 1 | 97,14 % |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 7 | 9 | 2 | 77,78 % |
| **10. Основен суд Тетово** | 5 | 8 | 3 | 62,50% |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 7 | 7 | 0 | 100% |
| **ВКУПНО:** | **97** | **132** | **35** | 73,48% |

На барање на Комората 95[1] извршители пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови за 2018 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| Анкета за 2018 година | | |
|---|---|---|
| **р.б** | **Прашање:** | **ВКУПНО** |
| 1 | **Вкупниот број на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки го и извршителот) изнесува:** | 537 |
| 2 | **Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи го извршителот и волонтерите) изнесува: НАПОМЕНА:Ве молиме изразете го степенот на завршено образование на вработениот според работното место ( пр: заменикот вработен во канцеларијата ќе биде изразен само во ставката дипломиран правник со положен испит за извршители)** | 442 |
| | *** со средно образование** | 95 |
| | ***дипломирани правници** | 211 |
| | ***со друго високо образование** | 65 |
| | ***дипломирани правници со положен правосуден испит** | 137 |
| | ***дипломирани правници со положен испит за извршители** | 55 |
| | ***основно образование** | 2 |
| | ***друго (наведете) Више образование** | 2 |
| 3 | **Мојот Заменик извршител е:** | 25-вработени во канцеларија<br>70-друг извршител |
| 4 | **Број на помошници извршители** | 52 |
| 5 | **Број на волонтери** | 11 |
| 6 | **Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија?** | 600 |
| 7 | **Дали се истите мрежно поврзани ? ( одговорете со да или не)** | 95 одговори да |
| 8 | **Со колку службени возила располага Вашата канцеларија?** | 162 |
| 9 | **Со колку квадратни метри располага Вашата извршителска канцеларија?** | 6888 |
| 10 | **со да или не)** | |
| | ***Централен регистар** | 65 одговори да<br>30 одговори не |
| | ***Управа за јавни приходи** | 56 одговори да<br>39 одговори не |
| | ***КИБС** | 95 одговори да |
| | ***Катастар** | 95 одговори да |
| | ***е банкинг плаќање** | 95 одговори да |
| | ***Агенција за вработување на РМ** | 94 одговори да<br>1 одговори не |
| | ***Управата за водење на матични книги,** | 14 одговори да<br>81 одговори не |
| | ***Министерството за внатрешни работи** | 2 одговори да<br>93 одговори не |
| | ***Министерство за труд и социјална политика** | 93 одговори да<br>2 одговори не |
| | ***друго (наведете)** | 1 одговор ФПИОМ |
| 11 | ***On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.)** | 41 одговори да<br>54 одговори не |
| 12 | **Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не)** | 95 одговори да |

[1] Недостигаат податоци од извршител Александар Тасевски и извршител Весна Кавракова.

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија (без извршител) |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |
| 2018 | 97 | 422 | 5,54 |

## Техничка и кадрова опременост на КИРМ

Во однос на техничката опременост на КИРМ, истата располага со: 4 Десктоп Компјутери со MS Office, 1 лап топ компјутер, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 фотокопир, 1 скенер, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на стручната служба на КИРМ, се состои од четири лица во редовен работен однос, од кои едно лице вработено како секретар на Комората, едно лице вработено како самостоен референт за архивско и канцелариско работење, едно лице како стручен соработник како и едно лице како помлад стручен соработник.

## Постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извештаи за работа на извршителите се следните:

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | € 20,217,987.00 |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | € 49,294,201.00 |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | € 60,054,078.00 |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | € 78,054,164.00 |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | € 94,760,634.00 |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | € 80,106,316.00 |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | € 104,312,352.00 |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | € 127,780,882.00 |
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | € 107,876,768.00 |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | € 107,646,962.00 |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | € 118,964,677.41 |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | € 166,224,905.97 |
| 2018[2] | 112,250 | 62,515 | 55,69% | € 126,966,895.41 |
| **Вкупно за 13 години** | **1,324,033** | **465,256** | **35,14%** | **1,242,260,822.79 €** |

Во извештајната 2018 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во извршителските канцеларии изнесува 112.250 барања, додека пак завршени се 62.515 предмети.

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2018 година изнесува 126.966.895,41 евра.

[2] Во табелата недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година.

| Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2018 година[3] | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Број на извршители** | **Примени барања** | **Реализирани** | **Процент на реализација[4]** | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 5 | 4534 | 2883 | 10.23 | 2,455,032.18 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 7 | 4603 | 3291 | 18.53 | 7,660,820.21 € |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 10 | 9314 | 5703 | 5.81 | 5,917,396.18 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 7349 | 2823 | 7.20 | 3,799,899.41 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 9 | 6307 | 4478 | 10.96 | 5,767,862.83 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 5 | 5125 | 3861 | 12.59 | 6,138,166.31 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 4 | 4300 | 2841 | 11.63 | 4,205,522.94 € |
| **8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2** | 34 | 49924 | 25703 | 9.86 | 73,549,120.73 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 7 | 5749 | 3369 | 8.91 | 6,185,008.50 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 4 | 9575 | 3943 | 6.55 | 6,126,917.58 € |

[3] Во табелата недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година.

[4] Процентот на реализација по подрачја на кои се именувани извршителите во 2017 година е пресметан согласно Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и годишниот писмен извештај за работата на извршителот, односно како сооднос помеѓу примените и реализираните барања за извршување во кварталниот период.

| 11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе | 7 | 5470 | 3620 | 21.12 | 5,161,148.54 € |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО:** | 97 | **112250** | **62515** | **10.19** | **126,966,895.41 €** |

Најголем процент на реализирани извршни исправи[5] е подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе со 21,12% додека пак подрачје на кое има најмала реализација на извршни исправи во однос на примените барања за извршување во тековната година е подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино 5,81 %.




Табеларен приказ на процентот на наплата споредбено за последните пет години :

[5] Недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година

| Процент на реализација | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Процент на реализација во 2014 година** | **Процент на реализација во 2015 година** | **Процент на реализација во 2016 година** | **Процент на реализација во 2017 година** | **Процент на реализација во 2018 година**[6] |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | **35.76** | 43.92 | 34.96 | 19.52 | 10.23 |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | **44.6** | 49.6 | 37.07 | 22.96 | 18.53 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | **48.39** | 41.08 | 42.59 | 15.67 | 5.81 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | **17.93** | 29 | 12.91 | 9.49 | 7.20 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | **31.17** | 32.56 | 18.61 | 14.46 | 10.96 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | **34.17** | 29.32 | 23.97 | 15.61 | 12.59 |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | **32.06** | 34.17 | 46.24 | 22.44 | 11.63 |
| **8. Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје** | **26.6** | 31.02 | 19.91 | 14.12 | 9.86 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | **39.66** | 39.83 | 37.21 | 21.22 | 8.91 |
| **10. Основен суд Тетово** | **20.65** | 20.58 | 13.12 | 8.23 | 6.55 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | **37.28** | 39.28 | 37.65 | 24.72 | 21.12 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите[7], извршителите од подрачјето на Основните судови Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од 4.523,270,925,00 денари додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево износ од 150,984,479,00 денари.

[6] Во табелата недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година.

[7] Во табелата недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година




Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од применените извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење[8] од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 18453 | 22899 | 27537 | 32004 | 37775 |
| од 6 до 12 месеци | 7037 | 7290 | 6781 | 6792 | 4655 |
| од 3 до 6 месеци | 5726 | 5521 | 4649 | 5181 | 3981 |
| до 3 месеци | 18236 | 16729 | 15713 | 13440 | 16061 |

[8] Во табелата недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година

Споредбено по години, бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите продолжува да расте, во 2018 година[9] реализирани се вкупно 62.515 извршни исправи.




# Структура на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи за 2018 година[10], според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 2,328,251.66 евра. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 103,125,859.93 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РМ, додека пак во полза на физичките лица доверители реализирани се 22,406,666.46 евра.

| Структура на наплатените средства според доверители | Износ во денари и евра за 2018 година | |
|---|---|---|
| - за физички лица | ден 1,378,009,987.00 | 22,406,666.46 € |
| - за правни лица | ден 6,342,240,386.00 | 103,125,859.93 € |
| - за РМ | ден 143,187,477.00 | 2,328,251.66 € |

[9] Во табелата недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година

[10] Недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година




# Структура на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во 2018 година[11] наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 78,778,108.46 евра, потоа од физички лица износ од 33,432,971,41 евра и крајно од Република Македонија износ од 15,946,914.89 евра.

| Структура на наплатените средства според должници | **Износ во денари и евра за 2018 година** | |
|---|---|---|
| - од физички лица | ден 2,055,574,242.00 | 33,423,971.41 € |
| - од правни лица | ден 4,844,853,670.00 | 78,778,108.46 € |
| - од РМ | ден 980,735,266.00 | 15,946,914.89 € |

[11] Недостасуваат податоци од извршител Александар Тасевски за 1 и 4 квартал 2018 година и од извршител Весна Кавракова за 2,3, и 4 квартал од 2018 година




Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2018 година е вкупно 14 барања за извршување, со што непаричните побарувања продолжуваат да бидат во постојан пад.



**Активности на КИРМ преку органите и комисиите на Комората**

1. **<u>Собранието на КИРМ</u>**, во текот на оваа извештајна година одржа една редовна и три вонредни седници, на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- **<u>На седница на дванаесеттото Редовно Годишно Собрание на КИРМ одржано на ден 23.02.2018 година во хотел Интерхотел Сандански во Сандански, Р. Бугарија</u>** беа донесени одлуки со кои се усвои годишниот извештај за работа на Комората за 2017 година, Финансиски извештај за 2017 година, Финансиски план за 2018 година и избор на заменик член на Дисциплинската комисија по предлог на Совет на јавни обвинители на РМ;

- **<u>Вонредно Собрание на КИРМ одржано на 18.05.2018 година во х. Макпетрол, Маврово</u>** на кое собрание се изврши избор на Премтим Ќерими извршител од Куманово, за член на Управен одбор на КИРМ со мандат сметано од 10.06.2018 година и избор на членови на Надзорен одбор на КИРМ, со мандат од 20.06.2018 година, во состав: Васко Блажевски, извршител од Скопје; Ангел Костадиновски, извршител од Кавадарци и Владо Мицковски, извршител од Кичево.

- **<u>Вонредно Собрание на КИРМ одржано на ден 27.09.2018 година во х.Континентал Скопје</u>** <u>на</u> кое членовите на Собранието донесоа одлука да се формира работна група со претставници од секое апелационо подрачје кои ќе преговараат со институциите и кои ќе ги застапуваат ставовите на Комората и кои ќе постапуваат согласно заклучоците на Комората. Во работната група да има претставници од сите подрачја од кои двајца претставници од Апелационото подрачје Скопје и двајца претставници од Апелационото подрачје Гостивар. Се избраа шест членови на работна група која ќе преговара со институциите во РМ и претставниците на меѓународните организации. На вонредното собрание се донесени 7 Заклучоци.

1.Собранието на КИРМ по анализата на објавените намери на Владата и Министерството за правда и презентираната симулација за промена на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите (понатаму како Тарифа) констатира дека со такви промени постапувањето по извршните предмети и надоместокот за превземените извршни дејствија ќе биде драстично намален, а во поедини точки и сведен на минимални износи. Тоа би довело до загрозување на функционирањето

на извршителските канцеларии до степен на целосна блокада на постапувањата по извршните предмети. Овие последици ќе се одразат на функционирањето на целосниот систем на извршување во РМ кој е дел од правосудниот систем и со тоа воопшто фунционирање на правната држава и владеењето на правото;

2.Комората на извршители енергично реагира на најавените промени во Тарифата и нагласува дека таквата блокада на системот на извршување ќе ги наруши односите во економскиот систем, законските права и интереси на доверителите ќе ги загрози до степен на неможност за наплата на побарувањата кои се признаени со извршна исправа и во крајна линија тоа ќе значи загрозување на ликвидноста и постоењето на многу правни субјекти кои функционираат на пазарот, а ќе биде и лош сигнал за постоечките и за нови странски инвестиции. Исто така, ќе бидат загрозени и законските права и интереси на физичките лица. Неефикасноста на системот на извршување ќе значи и нарушување на финансиската дисциплина односно стимулирање на „неплаќачите на долгови;

3.Секоја држава членка на Советот на Европа и која се смета за правна држава со аспирации за заокружување на евроатланските интеграции има обврска да изгради и одржува ефикасен и стабилен систем на извршување. Загрозување на системот на извршување би било крајна неодговорност кога веќе тој функционира успешно 12 години и во многу анализи и извештаи на домашни и странски субјекти е оценет како еден од најдобрите сегменти на правосудниот систем во РМ;

4.Комората на извршители укажува дека распадот на системот на извршување неминовно ќе настапи доколку се усвои таквата презентирана тарифа затоа што едноставно приходите кои би се остварувале од реализирани извршни предмети нема да ги покријат ни дел од основните трошоци на канцелариите кои се неопходни за функционирање на канцелариите (прилог симулации направени од КИРМ);

5.Извршители нагласуваат дека нивните заложби не се заради опстанок на нив лично или на нивните канцеларии, туку се залагаат за солидни основи за продолжување на функционирање на системот како дел од правосудниот систем но, со почитување и на нивното достоинство како лица кои вршат исклучително сложена и одговорна професија. Извршителите изразуваат подготвеност и понатаму да ги вршат јавните овластувања доверени од државата меѓутоа нема да бидат во можност под најавените услови да продолжат да ја обавуваат дејноста. Извршителите очекуваат конструктива расправа за овие прашања од институциите до кои ќе се обратат и веруваат дека со аргументирана дискусија ќе се изнајде заеднички прифатливо решение;

6.Собранието на КИРМ едногласно донесе одлука дека извршителите при ваква презентирана тарифа доколку истата биде донесена ќе бидат принудени да се откажат од вршењето на својата должност како лица со јавни овластувања со давање на колективна оставка од едноставна причина што нема да биде одржлива оваа дејност;

7.За да не дојде до крајно непожелни последици бараме веднаш средба со премиерот на Владата на РМ и Министерот за правда на РМ. Од страна на Комората може да се презентираат и други идеи и предлози за надминување на одредни диспропорции кои се појавуваат во одредени видови на извршни предмети. Исто така, Комората на извршители ќе бара прием кај други домашни институции и претставници на странски институции во РМ (претствништвото на ЕУ, мисијата на Светска банка во РМ, УСАИД и други дипломатски претставници). Посебно ќе биде известена Меѓународната унија на извршители каде што КИРМ е членка заедно со повеќе од 70 земји членки.

- **Вонредно Собрание на КИРМ одржано на 15.10.2018 година во х. ТЦЦ Гранд Плаза Скопје.** На седницата на ова собрание се донесе одлука да се формира работна група во состав извршител Антончо Коштанов, извршител Јадранка Јовановска, извршител Христо Јованов, извршител Снежана Андреевска и извршител Емилија Павловска со надлежност за изработка на допис до Собрание на РМ со забелешки по повод Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за извршување.

На Вонредното Собрание беа донесени следните Заклучоци:

1.Разгледувајќи ја новонастанатата ситуација по доставување на Предлог - Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување од страна на Владата на РМ до Собранието на РМ на ден 08.10.2018 година, Комората го разгледуваше предлогот за прекин на работа на извршителските канцеларии, бидејќи до сега не се остварени бараните итни средби со предлагачите на Законот;

2. Комората на извршители бара од Владата на РМ да се повлече Предлогот-Законот од собраниска процедура, а Комората ќе достави до Владата и Министерството за правда свој текст за измени и дополнувања на спорните одредби од Предлогот на законот.Комората бара Владата на РМ или Министерството за правда пред да го достави новиот текст на Предлог-Законот до Собранието на РМ да отвори јавна - стручна расправа;

3.Се дополнува Заклучокот донесен на седницата на Вонредно собрание на ден 27.09.2018 на начин што во точка 6 после зборовите „презентираната тарифа“ се додаваат зборовите „ и доколку биде донесен Предлог -Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување “.

➢ **Тркалезна маса на тема:„Стручна расправа по предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување“** одржан во х. Континентал Скопје на ден 20.11.2018 година .

## 2. <u>Управен одбор на КИРМ</u>

Управниот одбор на КИРМ, во текот на оваа извештајна година, има одржано 20 седници, на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- Се усвојува предлог текстот на Меморандумот за соработка со УЈП на РМ.
- Се препорачува на Претседателот на КИРМ ако овластен подносител да поднесува до Дисциплинската комисија на КИРМ предлози за поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 2 од ЗИ: „ ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања“, против извршителите кои не присуствувале на ниту еден семинар на Комората во текот на една календарска година.
- Се препорачува извршителите да ги пополнуваат ставките од кварталниот извештај за работата на извршителите за 2017 година во целост согласно предвиденото во Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и годишниот писмен извештај за работата на извршителот донесен на 30.10.2016 година.
- Се формира работна група за изготвување на Предлог за Тарифата за работа на извршителите во состав: Извршител Зоран Димов, Извршител Роза Родиќ, Извршител Дашмир Саити, Извршител Валентина Јованова Спасова, Извршител Саветка Георгиева и Извршител Премтим Ќерими.
- Кварталните извештаи за работата на извршителите за период од 2012 до 2016 год да бидат составен дел од материјалите за редовното Годишно собрание на КИРМ на 23.02.2018 год.
- Се одобрува барањето за донација на фудбалскиот тим на КИРМ за учество на фудбалски турнир во Прага, Чешка во износ од 70.000 денари од буџет на КИРМ со намена за превоз на фудбалската екипа на КИРМ.
- Се препорачува Претседателот да склучува авторски договори со предавачите на семинари на КИРМ во висина на хонорарот соодветна на економската состојба на Комората.

- На надворешните соработници на Комората, за доаѓање на седница, работен состанок или семинар на КИРМ, со возило во лична сопственост, им се исплаќа паричен надомест до износ од 20% од цената на најскап литар гориво кое го користи возилото за секој изминат километар.
- Се задолжува Стручната служба на КИРМ да изготви Предлози за донесување на нотарски платни налози до надлежен нотар за извршителите кои немаат платено 3 или повеќе месечни членарини, а останатите извршители писмено да се опоменат.
- Се одобрува Меморандум за соработка потпишан на ден 06.07.2018 година.
- Се формира Комисија за изработка на итен предлог Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работата на извршителите и предлог измени на Законот за извршување во состав : Извршител Снежана Андреевска, Извршител Весна Деловска, Извршител Благојче Кипровски, Извршител Кети Арсова и Извршител Игор Ромевски. Се задолжува Комисијата да достави предлог текст на измените во рок најдоцна до 24.08.2018 година. Се задолжува Стручната служба на КИРМ писмениот предлог текст со измени од Комисијата да го достави до сите извршители на запознавање.
- Управниот одбор на КИРМ да организира тркалезна маса на која ќе бидат повикани претставници на Меѓународната унија на судски извршители (МУСИ), меѓународните институции со канцеларии во РМ, Министерството за правда, Влада на РМ, Собрание на РМ, Законодавно-правната комисија, Банки, Стопанска Комора и други, со тема на Тркалезната маса актуелните измени на Законот за извршување и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.
- Се пристапува кон организација на Тркалезна маса: „ Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување“ во период од 5-22 ноември 2018 година.Се утврдува листа на потенцијални учесници од редот на професори на правните факултети, Македонска банкарска асоцијација, судии од ВСРМ, судии од Уставен суд, Апелационен суд, Нотарска комора, Адвокатска комора, претставници на Министерството за правда и Влада, претставници на Комисии при Собрание на РМ, Стопанските комори претставници на сите релевантни институции, УСАИД, ГИЗ и други.
- Поднесување Иницијатива за расправа по Предлог законот за измена и дополнување на Законот за извршување и барање за враќање на доработка на законот до Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Законодавно-правна комисија при Собрание на РМ.

- Се определуваат за учество на јавна расправа: Зоран Димов, Антончо Коштанов, Дашмир Саити, Роза Родиќ, Саветка Георгиева, Јадранка Јовановска, Снежана Андреевска, Снежана Фитеска, Јасер Асани, Благојче Кипровски, Златко Пејовски, Николче Диневски, проф.д-р Ангел Ристов, проф.д-р Гордан Калајџиев, судија Илир Сулејмани, судија Олгица Андреевска, адвокат Нена Ивановска, Слаѓана Тасева, адвокат Владо Џилвиџиев и Претставник на Врховен суд на РМ.
- Да пристапи кон ангажирање на меѓународен експерт од Меѓународната унија за судски извршители UIHJ кој ќе биде номиниран од МУСИ да се задолжи Комората да му ги доставува сите побарани податоци на експертот од МУСИ со цел помош при изработка на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.
- Се овластува Претседателот да спроведе распределување на сите предмети (активни и пасивни) кои се воделе кај извршителите чија должност престанала рамномерно на сите извршители од подрачјето.

## 3. Претседател на КИРМ

### А. Разгледување на претставки

До Комората на извршители на РМ во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година беа доставени вкупно 255 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

Од вкупниот број на претставки примени во текот на 2018 година, четири претставки остануваат нерешени и се префрлуваат за следната 2019 година, а три претставки префрлени од 2017 година, беа решени во 2018 година. Вкупниот број на решени претставки од страна на Претседателот на КИРМ, во рамки на оваа извештајна година изнесува 254.

Претседателот на Комората достави и седумнаесет одговори по поднесени тужби за поведување на управен спор од страна на извршителите до Управен суд на РМ :

| Број на тужби поднесени до Управен суд против одлуки на КИРМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 год. | 2015 год. | 2016 год. | 2017 год. | 2018 год. |
| Тужби по повод решение на Претседател на КИРМ по претставка | 22 | 9 | 4 | 8 | 7 |
| Тужби по повод решение на Дисциплинска комисија | 19 | 6 | 12 | 15 | 10 |
| Вкупно: | 41 | 15 | 16 | 23 | 17 |

Претседателот на КИРМ во текот на 2018 година достави 10 одговори на жалби по повод управен спор до Виш Управен суд на РМ.

| Број на жалби поднесени до Виш Управен суд на РМ против одлуки на КИРМ во 2017 | |
|---|---|
| Поднесени жалби во врска со решение на Претседател на КИРМ по претставка | 4 |
| Поднесени жалби во врска со решение на Дисциплинска комисија на КИРМ | 6 |
| **Вкупно** | **10** |

Во оваа извештајна година Претседателот на КИРМ одлучуваше по 2 (две) барања за изземање на извршител, по основ кои беа донесени две одлуки со кои не се прифаќа барањето за изземање на извршител.

Претседателот на КИРМ во 2018 година поднесе 1 (едно) барање за извршување против извршители по основ долг за неплатена парична казна изречена со одлука на Дисциплинска комисија на КИРМ.

Претседателот редовно доставуваше известувања до Народниот правобранител на РМ по пристигнати барања за известување со барање за превземање дејствија од страна на НП на РМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите, како и по повод барања податоци од Јавното обвинителство на РМ.

Б. **Утврдување на просторни услови**

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларии на извршители со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи („Службен весник на РМ" бр. 226/16 од 30.12.2016 година) Врз основа на спроведените увиди, претседателот донесе 3 (три) позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

В. **Членарина**

Претседателот на КИРМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини , поднесе:

- Два предлози до надлежен нотар за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа;
- Две барања за извршување против извршител врз основа на нотарско решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа по основ долг за неплатена членарина спрема Комората.

Г. **Средби**

Во текот 2018-та година Претседателот на КИРМ оствари повеќе средби со претставници на институции.

Најзначајни работни состаноци и средби се со Министерот за правда при изработка на Предлог измени и дополнувања на Законот за извршување од 2016 година и Тарифа.

Претставници на Комората на извршители на Република Македонија учествуваа на Јавна расправа по предлог законот за изменување и

дополнување на Законот за извршување на ден 05.11.2018 година во Собранието на Република Македонија.

Помеѓу најзначајните средби кои ги оствари Претседателот на КИРМ во текот на 2018 година се:

На ден 02.02.2018 година порпишан е Меморандум за соработка на Комората на извршители на Република Македонија со Правниот факултет “Јустинијан Први” – Скопје.

На ден 12.06.2018 година одржан е состанок со г-дин Мурат Султанов меѓубароден експерт во областа на заложно право и обезбедување на побарувања со претседателот Зоран Димов и извршител Антончо Коштанов.

На ден 14.06.2018 година претседателот Зоран Димов оствари состанок со г-дин Петре Шилегов, Градоначалник на Град Скопје.

На ден 01.07.2018 година во Приштина, Р. Косово се одржа состанок на кој учествуваше Претседателот на КИРМ Зоран Димов, извршител Антончо Коштанов и извршител Роза Родиќ со г-дин Андрианус (Јос) Уитехааг, Секретар на Меѓународната Унија и меѓународен експерт и извршител во Кралството Холандија. На состанокот е дискутирано за можноста да се направи внатрешна средба помеѓу извршителите и претставници на Министерството за правда и една поширока регионална средба.

Остварени се низа средби со Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје г-дин Илир Сулејмани. Резултатот од тие средби е овозможување на издавање на дозволи за влегување во дом на должник, со што се надмина застојот во издавањето на овие дозволи што се јавуваше како проблем.

Остварени се низа на средби со претставници на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, при што е надминат застојот на налозите за присилна наплата од пензиите со кој се соочуваа извршителите.

На ден 04.09.2018 година, остварена е средба со г-дин Тибор Драшковиќ, поранешен министер за правда, министер за финансии, државен секретар на Унгарија со Претседателот на КИРМ Зоран Димов.

На ден 25.10.2018 година, Претседателот на КИРМ Зоран Димов учествуваше и имаше свој говор на настанот “Европски ден на граѓанска правда” во организација на Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Претставници на Комората на извршители на Република Македонија учествуваа на Јавна расправа по предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на ден 05.11.2018 година во Собранието на Република Македонија.

Претседателот Зоран Димов, извршител Роза Родиќ и Генералниот секретар на КИРМ Билјана Николовска остварија среба со претставници на Македонска пошта АД Скопје со цел добивање на понуда за извршителите со цел добивање на статус на големи корисници и повластени цени.

Д. **Соработка со Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година до Комората на извршители на РМ се поднесени 5 (пет) барања за пристап до информации од јавен карактер. Од страна на Комората на извршители на РМ позитивно е одговорено на две барања за пристап до информации од јавен карактер, по две барања делумно е одобрен пристап до информациите од јавен карактер, а едно барање е препратено на надлежност до соодветен орган. Број на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер нема. Против првостепените одлуки донесени од страна на Комората на извршители на РМ не е вложена жалба од страна на подносителот на барањето. Комората на извршители на РМ уредно ја исполни обрската за достава на Годишен извештај за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер .

## 4 Дисциплинска комисија (ДК) на КИРМ

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година беа доставени вкупно 10 (десет) Предлози за поведување на дисциплинска постапка, по повод кои беа донесени пет решенија со кое се изрекува парична казна, едно решение со кое се изрекува писмена опомена, едно решение со кое изрекува јавна опомена, едно решение со кое се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка, едно решение со кое се изрекува трајно одземање на правото на вршење на должноста извршител и едно решение со кое се изрекува привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител во траење од 6 месеци. При изрекување на дисциплинските мерки трајно и привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител, Дисциплинската комисија донесе две решенија со кои изрече привремена забрана за вршење на должноста – суспензија.

| Година | Број на извршители | Вкупен број на предлози за дисциплинска постапка | Решение- не е сторена дисциплинска повреда | Решение- Дисциплинска мерка парична казна на извршител | Решение - Дисциплинска мерка писмена /јавна опомена на извршител | Решение- Привремена забрана за вршење на должноста извршител- суспензија | Решение- Трајно одземање на правото на вршење на должноста извршител | Решение- Привремено одземање на правото на врешење на должноста извршител во траење од 6 месеци | Решение- Отфрлање на предлог поради застареност | Решение- Отфрлање на предлогот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 98 | 5 | / | / | / | / | / | | 1 | 4 |
| 2017 | 101 | 3 | / | 2 | 1 | / | / | | / | / |
| 2018 | 97 | 10 | / | 5 | 2 | 2 | 1 | 1 | / | 1 |

Претседателот на КИРМ како овластен предлагач на дисциплинска постапка во текот на 2018 година има поднесено 2 ( два) предлози за поведување на дисциплинска постапка, додека основен суд како овластен предлагач на дисциплинска постапка нема поднесено ниту еден предлог.

**Надзорен одбор на КИРМ**, во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2018 година, одржа пет седница на кои беше спроведен надзор над финансиското работењето на Комората на тромесечни периоди во текот на 2018 година како и спроведе еден годишен надзор над работењето на

Комората. Врз основа на обврската од Статутот на КИРМ Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[12] .

**Стручен совет на КИРМ**

Стручниот совет во текот на 2018 година одржа една седница на која достави едно предлог правно мислење и еден заклучок.

**Комисија за стручна едукација на извршители** , во состав од пет члена, во текот на оваа извештајна година, одржа една средба на која доставија до Управниот одбор извештај за присуство на извршителите на задолжителната едукација-семинари.

**Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Законот за извршување**

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( Службен Весник на РМ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно собрание на Комората на извршители на Република Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, Управниот одбор на Комората на извршители на РМ на седница одржана на ден 22.12.2017 година донесе Одлука бр. 02-1082/3. Со Одлуката се одобри Годишниот распоред на Комората на извршители на РМ за 2018 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во

[12] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРМ

просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите.

Согласно доставените извештаи за присуство во општини извршителите присуствува согласно Годишниот распоред за период од 12.01.2018 година до 28.12.2018 година, меѓутоа како резултат на оваа активност во текот на 2018 година не беше примено ниту едно барање за извршување од физичко лице доставено до извршител присутен на определениот ден во просториите на општината.

Сепак, неколку извршители не постапија согласно обврската односно не доставија до Комората, Извештај за прием на барања за извршување од физички лица, во вкупен број 31 ( триесет и еден) извештаи за прием на барања за извршување од физички лица .

**Активности на КИРМ преку одржани семинари, обуки и работилници**

**1.Семинар на извршители**

Комората на извршители на РМ во деновите 24.02.2018 и 25.02.2018 година организираше семинар на извршителите кој се одржа во хотел Интерхотел Сандански, во Република Бугарија. На првиот ден од Семнинарот беа обработени следните теми:„Осврт кон предлог Законот за измени и дополнение на Законот за извршување “; „Правни последици од укинувањето на член 12 став 1 точка 4 од Законот за извршување со Одлука на Уставниот суд на РМ У.бр143/2016-0-1 од 29.11.2017 г “„ Актуелни трендови во системот на извршување во Бугарија со посебен осврт на Европски платен налог и трошоци поврзани со Европскиот платен налог“; „Трошоци на извршување во Р. Бугарија’’; „Одговорност на извршителите како лица со јавни овластувања и право на регрес за исплатена штета од осигурителна компанија за професионална одговорност на извршителите“. На вториот ден од Семинарот беа обработени темите: „Правен статус на извршителот и неговото организирање во споредбеното и во правото на Република Македонија“ и

„Законот за наследување од аспект на негово влијание во извршувањето. Практична примена на член 30 став 3 од Законот за извршување“.

Комората на извршители на РМ во деновите 19 и 20 мај 2018 година во хотел Макпетрол, Маврово одржа семинар. На првиот ден од семинарот беа обработени следните теми: „Заштита на извршителите од монополско однесување и нелојална конкуренција“;„ Осврт кон предлозите и забелешките на банкарскиот сектор кон предлог измените на Законот за извршување“; „ Актуелни проблеми и примери од судската пракса во одлучување по приговори против незаконитости во извршувањето со посебен осврт на трошоците на извршување согласно актуелниот Закон за извршување “ и „Третман на Заклучокот за утврдување на трошоци во постапка по приговор по укинувањето на член 12 став 1 точка 4 од Законот за извршување со Одлука на Уставниот суд на РМ У.бр143/2016-0-1 од 29.11.2017 година“. Во рамки на првиот ден од семинарот Претставници на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ, спроведоа Презентација на порталот за електронска размена на податоци со извршителите. На вториот ден од семинарот претставници на АД Македонска пошта Скопје извршија презентација на системот на хибридна пошта и други поштенски услуги.

Во деновите 05. 06 и 07 октомври 2018 година, Комората на извршители на РМ, одржа Семинар во хотел Меркур, Тетово. На првиот ден од семинарот се спроведе дискусија по повод активностите на работната група формирана од Собранието на КИРМ со надлежност да преговара со институциите и да ги застапува ставовите на Комората согласно заклучоците на Комората, а потоа претставници од Агенција за катастар за недвижности на РМ извршија презентација на услугите за професионални корисници преку е-кат шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности. На вториот ден од семинарот Претседателот на Основен суд Скопје 2 Скопје , дискутираше за Актуелни правни прашања во врска со дозвола за влез во дом на должникот; претставници од ЈП Службен весник на РМ извршија Презентација на сервис за колаборација со

извршители. Електронска достава на огласи за објава; Осврт кон Предлог Законот за измени и дополнување на Закон за катастар на недвижности, дадоа Проф. д-р Афет Мамути  Правен факултет Државен универзитет Тетово и г-ѓа  Линдита Синани вработен во АКН, советник за правно-катастарски работи. На вториот ден од семинарот беа обработени и темите: „Битие на  кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување“. Опсег на поимот „службени лица“ во смисла на Кривичниот законик и во смисла на предлог - закон за спречување на корупција“ и „Отворени проблеми и присилно спроведување на извршни исправи од стечајна маса на стечаен должник и надоместоци на трошоци за бришење на прибелешки“.

**Меѓународни активности на КИРМ**

Оваа извештајна година,  КИРМ, со своите активности беше присутна на меѓународен план. Битно е да се напоменат следниве настани и состаноци на кои земаа учеството претставници на КИРМ :

1. Делегација на Комората во состав на Претседателот Зоран Димов и извршител Владе Милевски, учествуваа на IX Меѓународна теоретска и практична конференција за прашања од извршување на судските акти и актите на други органи - ”Државни и приватни системи за извршување: компаративна анализа и најдобри практики” во Сочи, Русија
2. Делегација на Комората во состав на Претседателот Зоран Димов и извршител Антончо Коштанов учествуваа на  Меѓународен конгрес на Унијата на судски извршители кој се одржа во Банкок, Тајланд.
3. Делегација на Комората во состав извршител Методија Костадинов и извршител Васко Блажевски, земаа учество на седница на постојаниот совет на МУСИ кој се одржа во Париз, Франција

**Регионална соработка на КИРМ**

Во оваа извештајна 2017 година Комората ја продолжи и зајакна соработката со Коморите на извршители од соседните земји во регионот и тоа со неколку активности :

- Делегација на Комората во состав на Претседателот Зоран Димов и извршител Антончо Коштанов, земаа учество на IV годишно советување на извршителите организирано од Комората на извршители на Р. Србија кое се одржа на Копаоник во Р.Србија;

- Работен состанок се одржа во Охрид, Република Македонија на кој покрај делегација на Комората на извршители на Република Македонија во состав од Претседателот Зоран Димов и извршителот Антончо Коштанов, присуствуваа и Претседателот на Комората на извршители на Република Албанија Теди Малавечи, Претседателот на Комората на извршители на Република Србија Александра Трешњев и претседателот на Комората на извршители на Црна Гора Видак Латкович. Темата на состанокот беше Балканска извршна исправа.

- Претседателот Зоран Димов и извршител Премтим Ќерими учествуваа на работен состанок во Пржно Р. Црна Гора, на кој се дискутираше на тема Балканска извршна исправа;

- Делегација на Коморта во состав на Претседателот Зоран Димов, извршител Роза Родиќ и извршител Јадранка Јовановска учествуваа на тркалезната маса посветена на темата за воведување на единствен регионален инструмент за прекугранично спроведување : Балкански налог за извршување која се одржа во Белград, Р.Србија.

- Основачите на Балканската иницијатива за извршување и тоа Комората на извршители на Република Македонија, Комората на извршители на Република Србија, Комората на извршители на

Република Црна Гора и Комората на извршители на Албанија го потпишаа првиот Меморандум за соработка Белград, Р. Србија.

## Односи на КИРМ со домашни и странски институции

А .Односи на КИРМ со домашни институции

1. **Односи со Министерството за правда на РМ**

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРМ беа доставени вкупно 38 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 29 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори), додека 9 надзори се спроведени по основ на месечен план на Минситерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[13]




[13] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

## Нормативна активност на Комората на извршители

Комората на извршители на РМ и во оваа извештајна година зеде активно учество во работните состаноци во Министерството за правда при изработка на измените и дополненијата на Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72 од 12 април 2017 година).

Министерот за правда и во оваа извештајна година продолжи со работната група за измени и дополнувања на Законот за извршување во која учествува и Комората со свои претставници: извршител Христо Јованов, извршител Антончо Коштанов и извршител Емилија Павловска.

По неколку одржани средби на Работната група и по објава на предлог текстот со измените на ЕНЕР, до Комората од страна на Министерот за правда беше доставено барање мислење по Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за извршување, по кои измени Комората се произнесе со свое мислење. Меѓутоа, по објавата на измените и дополнувањата на Законот за извршување во Службен весник на РМ бр. 233/18, укажувањата на извршителите не беа вградени во законскиот текст. Во законскиот текст беа изоставени повеќе законски решенија кои претходно беа прифатливи за извршителите, додадени се претходно избришани одредби односно законодавецот повторно вратил одредби кои во пракса се покажаа како нецелисходни и неприменливи. Таква на пример е одредбата од член 36 став 1 од Законот за извршување која се однесува на градовите каде нема именувано извршител, Комората со акт а при тоа водејќи сметка за рамномерно одредување на извршителите, го определува извршителот чија задача е да прима барања за извршување од физички лица, која дејност ја вршат во просториите на општината, која за таа цел има обврска да обезбеди соодветен простор.

Во оваа извештајна година Комората даде мислење и по барање на Министерството за правда за предлог Законот за бесплатна правна помош.

Управниот одбор на КИРМ на 158-та седница одржана на 23.01.2018 година донесе Одлука да се формира работна група од страна на

извршителите за изготвување на предлог Тарифа за работа на извршителите врз основа на претходно прибавиени мислења од извршители од сите апелациони подрачја работната група ги воедначи ставовите. Поради итноста од потребата за завршување на предлог Тарифата, Управниот одбор донесе нова одлука за формирање на втора работна група составена претежно од извршители на скопското апелационо подрачје. Оваа работна група на 27.08.2018 година го достави и изработи текст на предлог Тарифата по барање на Министерството за правда.

Покрај оваа работна група во рамки на КИРМ се формираше и заедничка работна група избрана од страна на Вондредното собрание на КИРМ чии членови беа избрани со консензус на Собранието и кое имаше задача да оствари постојана комуникација со Министерство за правда, Влада на РМ , претставници на амабасади и меѓународни организации и други релеватни фактори кои беа засегнати од новите состојби во извршувањето.

Овие работни групи изготвија предлог амандани за одредени членови во предлог Законот за извршување што доведе до отварање на јавна расправа по повод предлог законот при комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на 03.11.2018 година.

Како резултат од овие активности произлезе и Дијагностичка проценка на извршителската Тарифа изготвена од страна на Г-дин Андрианус (Јос) Уитехааг, Секретар на Меѓународната унија на судски извршители, меѓународен експерт и извршител во Кралството Холандија во кои се содржани безброј анализи изготвени од страна на КИРМ.

**Односи на КИРМ со други институции**

Комората на ден 22.11.2018 година до Државниот архив на РМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни овластувања и се иматели на архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност

за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РМ, врз основа на кое извршителите со Решение на ДАРМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2019 година.

Работна група за преговори со институциите во Република Македонија и претставниците на меѓународните организации, во состав од извршител Николче Диневски од Битола, извршител Ванчо Марковски од Тетово, извршител Јасер Асани од Гостивар, извршител Благојче Кирповски од Скопје, извршител Саветка Георгиева од Струмица и извршител Златко Пејовски од Скопје како координатор на работната група оствари низа на средби со претставници на: Министерство за правда Народна банка на Република Македонија, Македонска банкарска асоцијација, Стопанска комора на Македонија, Стопанка комора на северозападна Македонија, Врховен суд на Република Македонија, Холандска амбасада, Светкса банка, ЕВН и други.

**Односи со медиумите**

Комората на извршители на РМ во оваа извештајна година не одржа годишни известувања на претставниците на медиумите.

Комората во 2018 година продолжи со издавање на гласило на Комората насловено „ Правда“ кое еднаш месечно се издава во форма на подлисток во рамки на дневниот весник Нова Македонија и кое обработува теми поврзани со извршувањето. [14]

[14] Изданијата од подлистокот Правда се Прилог кон овој Извештај

**Планови на Комората за 2019 година**

Комората на извршители во 2019 година планира да биде присутна повеќе во полето на односи со медиумите со зајакнување на ПР политиката на Комората заради зголемување на угледот на извршителите.

Да продолжи со електронско поврзување со банките, јавните книги и регистрите и други органи со кои не сме поврзани.

Комората на извршители на РМ во 2019 година планира да продолжи со издавањето на подлистокот „Правда“ со цел подобрување на имиџот на извршителите во јавноста. Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РМ, Академијата за судии и јавни обвинители, Нотарска Комора, Адвокатска Комора, Комора на стечајни управници, Комора на проценители и судовите во РМ за усогласување на судска пракса и еднаква примена на Законот за извршување а се во интерес на владеење на правото. Организирање на повеќе тркалезни маси со експерти за решавање на тековните проблеми во Законот за извршување како и неусогласеноста на ЗИ со другите закони.

Продолжување на соработката со Коморите во регионот и UIHJ ( МУСИ).

Главен акцент и во 2019 година од страна на Комората ќе биде борба за рамномерна распределба на предметите помеѓу извршителите, кое претставува и одлука на членовите на Собранието на КИРМ.

И покрај одлуката на Уставниот суд на РМ со која се укина рамномерната распределба на предметите, без оглед дека Владата на РМ како предлагач на измените и дополнувањата на Законот за извршување и Министерството за правда не ја педвидеа во законските одредби Комората на извршители на РМ останува детерминирана во својот став дека е потребно сите извршители да добиваат избалансиран број на предмети, што Комората ќе се обиде да го оствари преку склучување на меморандуми за соработка со доверителите кои имаат најголем број на предмети за извршување, со што ќе се обезбеди минимум опстанок во иднина на секоја извршителска канцеларија во РМ.

Согласно член 41 став 2 од Законот за извршување, Комората ќе се обиде извршителите без надомест да добиваат информации.

Со сите свои напори КИРМ ќе ја продолжи својата борба за донесување на нов подобар закон и Тарифа согласно стандардите на ЕУ.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Зоран Димов